*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
www.mrt.com.mk

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН**

**НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

**ЗА 2020 ГОДИНА СО ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА**

ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси. На територијата на РСМ, Македонската радио телевизија обезбедува програма преку еден ТВ програмски сервис на македонски јазик со дневно времетраење од 24 часа и еден ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик со дневно времетраење на програма од 24 часа секој ден во неделата како и еден телевизиски програмски сервис - МТВ 4 – ТВ канал кој емитува документарна програма и програма на јазиците на другите немнозински заедници во РСМ. Програмата е збогатена и со нов телевизиски програмски сервис МТВ 3 – ТВ канал кој емитува забавно - музичка, културна, но пред се програма од областа на спортот наменета за гледачите љубители на спортот, како и детски ТВ канал – Канал 5 кој акцентот на своето работење го става на најмладата популација и кој обработува едукативна, документарна, забавна и програма со содржина од други најразлични области наменета за деца и млади и тие со дневно времетраење на програмата од 24 часа секој ден во неделата.

Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис се емитува и најмалку преку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници со 24 часовно емитување секој ден во неделата, а во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ.

МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и /или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на РСМ.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработи Годишна програма за работа за наредна година која содржи Програма за работа за наредна година со планирани активности за исполнување на програмските цели како и Финансиски план за наредната година кој содржи податоци за планираните приходи и расходи. Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година, како дел од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2020 година, беше изработен врз база на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности како и врз база на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски.

Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година беше усвоена од страна на органите на управување во МРТ и истата беше доставена до Собранието на РСМ.

Меѓутоа, имајќи ја предвид новонастанатата состојба со корона вирусот COVID – 19 поради која одржувањето на голем број настани од најразлични области во земјата и светот беа ставени во мирување или пак воопшто не се одржаа, поголем дел од планираните расходи во Финансискиот план за 2020 година бележат пониска реализација. Од тие причини, а со цел дополнување на одредени ставки во Финансискиот план кај кои се очекува повисока реализација до крајот на годината, се врши изменување на Финансискиот план на МРТ за 2020 година со пренамена на средства но само во делот на планирани расходи и тоа во рамки на вкупно планираниот износ на раходи кој е 996.000.000 денари.

## А. ПЛАН НА ПРИХОДИ

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2020 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Приход од Буџет на Република Северна Македонија**

Финансиските средства наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност, се планираат во износ од 894.000.000 денари или 89,8% од вкупно планираниот приход за 2020 година. Износот е пресметан врз основ на средствата за финансирање на радиодифузна дејност (1.200.000.000 денари) предвидени во Буџетот на РСМ за 2020 година.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламен простор односно од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основ на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот, се планирани во висина од 45.000.000 денари и истите во вкупниот планиран приход за 2020 година учествуваат со 4,5%. Овој планиран износ произлегува од заложбите на МРТ за збогатување на програмската понуда на поширокиот аудиториум со нови информативно – дебатни, документарни, филмски и забавни содржини, научно едукативни и детски емисии, како и пренос на позначајни спортски настани.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на дадени технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата), за 2020 година, планирани се приходи во вкупен износ од 3.000.000 денари и истите во вкупно планираните приходи учествуваат со 0,3%.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 2.000.000 денари и во вкупно планираните приходи истите учествуваат со 0,2%.

**Останати деловни приходи**

Останатите деловни приходи се планира да се реализираат по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2020 година се планираат во износ од 17.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 1,7%.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите кои се планираат со Финансискиот план по основ на разрешување на судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 1.500.000 денари или 0,2% во однос на вкупниот износ на планирани приходи за 2020 година.

**Приходи од донации, продажба на програма и услуги**

Приходите по основ на продажба на програма и услуги и по основ на донации во 2020 година се планирани во износ од 3.000.000 денари и истите учествуваат со 0,3% во вкупниот планиран приход во МРТ за 2020 година.

**Приходи од донација од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Во врска со состојбата со корона вирусот COVID-19, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ЈРП МРТ склучија Договор за донација со кој, во услови на новонастанатата вонредна ситуација во земјата и светот заради ширење на опасноста и справување со последиците од вирусни заболувања предизвикани од коронавирусот COVID-19, од страна на Агенцијата, на ЈРП МРТ како донација и се доделуваат средства во износ од 30.000.000 денари. Приходот по овој основ ќе биде наменет за набавка на заштитни средства и медицински потрошен материјал за заштита на вработените, потоа за набавка и емитување на програма наменета за деца и млади, но и на друг вид на програма чија крајна цел е исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економско-финансиското работење.

**Вкупните** приходи за 2020 година во износ од 996.000.000 денари ќе се наменат за покривање на планираните програмски и други активности во тековното работење, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата.

Планираните активности за 2020 година воглавно ќе бидат насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.
- Откуп на права за емитување на играна програма и серии, набавка на странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии,
- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации,
- Реализирање на програмските содржини на посебните радио програми наменети за соседните земји и Европа и радио програми наменети за информирање на иселениците во странство, како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Одржување на постојната опрема и одржување на објектите на МРТ.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2020 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2020 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирани приходи за 2019 год. | Планирани приходи за 2020 год. | Остварени приходи во 2020г (септември) | Планирани приходи за 2020 г. со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 | Структура 2020 год.-колона 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Приход од Буџет на РСМ-средства за финансирање на радиодифузна дејност | 894,000,000 | 894,000,000 | 670,500,000 | 894,000,000 | 100.0 | 133.3 | 89.8 |
| Закупнини | 500,000 | 500,000 | 201,082 | 500,000 | 100.0 | 248.7 | 0.1 |
| Приходи од услуги во земјата | 3,000,000 | 3,000,000 | 1,415,990 | 3,000,000 | 100.0 | 211.9 | 0.3 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 2,000,000 | 2,000,000 | 16,249 | 2,000,000 | 100.0 | - | 0.2 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,наплатени отпишани побарувања од минати години,отпишани обврски, приходи од минати години), дополнително утврдени приходи од претходни години | 15,000,000 | 17,000,000 | 18,595,935 | 17,000,000 | 100.0 | 91.4 | 1.7 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 2,000,000 | 1,500,000 | 545,892 | 1,500,000 | 100.0 | 274.8 | 0.2 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 13,000,000 | 45,000,000 | 3,328,457 | 45,000,000 | 100.0 | - | 4.5 |
| Приход од донации, продажба на програма и услуги | 3,000,000 | 3,000,000 | 0 | 3,000,000 | 100.0 | 0,0 | 0.3 |
| Приход од донација од ААВМУ | 0 | 0 | 30,000,000 | 30,000,000 | 0.0 | 100.0 | 3.0 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **932,500,000** | **966,000,000** | **724,603,605** | **996,000,000** | **103.1** | **137.5** | **100.0** |

## Б. ПЛАН НА РАСХОДИ

Вкупните планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности околу создавање и емитување на програмата со оваа пренамена на средства се движат во рамки на претходно планираниот вкупен износ на расходи односно во рамки на 996.000.000 денари.

**Планот на расходи за 2020 година ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

**Трошоци на вработените**

Вкупниот планиран износ на трошоци во групата Трошоци на вработените со Финансискиот план за 2020 година изнесува 433.960.000 денари. Во оваа група на трошоци се опфатени бруто платите, надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство), паричен надомест за последици од елементарни непогоди, подолги боледувања, како и трошоците за едукација (обука, посета на семинари, советувања и слично) на вработените, за награди и пригодни подароци за вработените при пензионирање и слично. Бруто платата за 2020 година е пресметана согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ, согласно последните измени во Законот за работни односи, Законот за административните службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и врз основа на Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените на МРТ кои произлегуваат од работниот однос.

**Патни трошоци и транспортни услуги**

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоците за патарина, услугите за такси превоз и слично. Со финансискиот план на МРТ за 2020 година најголемо учество во овие трошоци имаа патните трошоци и дневниците за службени патувања во земјата и странство кои МРТ како јавен радиодифузен сервис ги реализира тековно-годишно за потребите, пред се, на информативните програми во рамки на кои ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани од јавен карактер во земјата и странство, а секако беше планирано и следење и снимање на поважни културни, музички, спортски и

научни збиднувања и манифестации. Меѓутоа, со оглед на фактот што новонастанатата состојба со корона вирусот COVID-19 ги сопре сите активности како во земјата така и во светот па најголем дел од службените патувања во земјата беа сведени на минимум а во странство ставени во мирување со што и реализацијата на планираните трошоци значително се намали, па така, со ова изменување на Финансискиот план групата на Патни и транспортни трошоци во делот на патните трошоци се намалува за 4.500.000 денари и истата заедно со транспортните трошоци наместо претходно планираната сума во вкупен износ 9.550.000 денари сега изнесува вкупно 5.050.000 денари.

## Заеднички трошоци

Оваа група на трошоци беше планирана во вкупен износ од 220.490.000 денари, со изменувањето на Финансискиот план е намалена за 3.700.000 денари, истата сега изнесува вкупно 216.790.000 денари а ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Група Трошоци за суровини и материјали која ги опфаќа трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и градежните објекти во МРТ, материјали за сценографија (кулиси и декор) и слично се намалува за 1.100.000 денари и наместо претходно планираните 5.750.000 денари сега изнесува вкупно 4.650.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Група на трошоци со вкупен износ од 2.250.000 денари во која спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, заштитна облека и обувки, материјал за возен парк и разни останати потрошни материјали, поради пониска реализација се намалува за 450.000 денари и сега изнесува вкупно 1.800.000 денари.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво и истата за 2020 година планирана е во вкупен износ од  38.000.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци е планирана во износ од  1.500.000 денари.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која за 2020 година е планирана во вкупен износ од 14.000.000 денари, се однесува на трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет, поштарина и аудио и видео линии.

***Услуги за одржување и заштита***

Групата на трошоци -Услуги за одржување и заштита е планирана во вкупен износ од 32.510.000 денари а ги опфаќа трошоците за следните видови на услуги: агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежни објекти, одржување на возилата на МРТ и набавка на резервни делови за нив, одржување на ситен инвентар и автогуми, услуги за одржување на WEB страната на МРТ, набавка на заштитни медицински средства за вработените како и услуги од агенции за одржување на хигиена.

***Комунални услуги***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила и истата е планирана во вкупен износ од 5.390.000 денари.

***Останати услуги од работењето***

Во оваа група на трошоци за 2020 година планирани беа средства во вкупен износ од 2.050.000 денари но поради пониска реализација, со изменувањето на финансискиот план се врши намалување од 150.000 денари и истата сега изнесува вкупно 1.900.000 денари. Тука спаѓаат трошоците наменети за услуги за регистрација на возила, објава на огласи и конкурси, трошоци за противпожарна заштита, шпедитерски услуги, заверка на пасоши, визи и слично.

***Трошоци за амортизација на основни средства***

Вкупниот износ на планирани трошоци за амортизацијата на основните средства за 2020 година е зголемен за 1.800.000 денари и сега изнесува 66.800.000 денари, а претставува годишен отпис односно исправка на вредноста на тековно набавената опрема како и на опремата која е набавена во рамките на инвестиционите активности

и процесот на дигитализација на ТВ опремата т.е. премин од аналогна кон дигитална технологија.

***Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите и отпис на побарувањата по основ на ненаплатена РДТ за 2020 година се планирани вкупно 2.000.000 денари.

***Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација***

За оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2020 година се планирани вкупно 600.000 денари.

***Премии за осигурување***

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот и лица во МРТ во 2020 година изнесуваа 2.000.000 денари но поради пониска реализација се намалуваат за 500.000 денари и сега изнесуваат 1.500.000 денари.

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Планираните средства за банкарските трансакции заедно со таксата за истакнување на фирма изнесуваа вкупно 910.000 денари. Но, со оглед на сојстојбата со корона вирусот, во тековната 2020 година намалена е набавка на програма од странство со што намален е и платниот промет кон странство и реализација по овој основ, поради што, овие средства се намалени за 300.000 денари и сега изнесуваат вкупно 610.000 денари.

***Останати трошоци***

За групата на трошоци во која спаѓаат услугите за атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоци за стручна литература и списанија, со Финансискиот план за 2020 година планирани се средства во вкупен износ од 350.000 денари.

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ***

Во согласност со Законот за ААВМУ каде што е утврдена висината на надоместоците за членовите на ограните на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2020 година е планирана во вкупен износ од 5.200.000 денари.

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

Трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок и сл.) како и трошоците поврзани со судските предмети кои се во постапка за 2020 година се планирани во вкупен износ од 4.500.000 денари.

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци планирани се вкупно 600.000 денари.

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично).беа планирани во висина од 15.000.000 денари. Но, со оглед на фактот што истите се однесуваат на трошоци по разни основи кои биле планирани во минат период од тековото работење на МРТ но фактурите доспеваат во тековната година и со задоцнување, овие трошоци тешко се предвидливи. Од тие причини во 2020 година реализацијата по овој основ е зголемена па затоа и планираниот износ на оваа ставка со оваа пренамена на средства се зголемува за 3.000.000 денари и сега изнесува 18.000.000 денари.

***Камати од работење и затезни камати***

Каматите од редовното работење и затезните камати се намалуваат за 8.000.000 денари и наместо планираните 19.000.000 денари сега изнесуваат 11.000.000 денари.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ, пред се, за веќе набавената странска филмска и спортска програма која се отплатува на рати и по сезони, како и за реализација на набавки на опрема потребна за непречено одвивање на тековното работење, поради зголемување на девизниот курс кај валутите во кои МРТ ги врши плаќањата кон странство (евра, швајцарски франци, британска

фунта и сл.) се зголемуваат за 2.000.000 денари и истите сега изнесуваат 5.000.000 денари ;

***<u>Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1.000 евра</u>***

Оваа ставка е планирана во износ од 880.000 денари и истата во 2020 ќе ги опфати набавките на стоки и услуги до 1000 евра во денарска противвредност на месечно ниво за кои нема да се започне постапка за јавна набавка, односно, кои нема да бидат дел од Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2020 година.

## Програмски права

Категоријата на трошоци под наслов Програмски права, за 2020 година, беше планирана во вкупен износ од 261.500.000 денари, но сега со изменувањето на Финансискиот план е зголемена за 14.750.000 денари и истата изнесува вкупно 276.250.000 денари. Во рамки на овој вкупен износ се планираат трошоци за откуп на права за емитување на играна филмска и документарна програма, останати програмски права-откуп на права за емитување на програма, надомест за снимање фестивали, откуп на права за емитување на актуелни и позначајни настани од светот на спортот, откуп на програми од независни продуценти и трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина, а секако во рамки на сето ова, сега поткрепено и со средствата од донацијата, акцент ќе биде ставен на откуп на програма од едукативен карактер односно продукција/копродукција и емитување на емисии пред се наменети за најмладата популација.

## Останати трошоци од работење

Со изменувањето на финансискиот план, оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 60.950.000 денари и истата ги опфаќа следните видови останати трошоци:

***<u>Наемнини</u>***

Планираните трошоци за наем на опрема и недвижности, деловен простор за дописните центри и слично кои беа планирани на износ од 1.500.000 денари, поради пониска реализација, се намалуваат за 1.000.000 денари и изнесуваат 500.000 денари.

***<u>Други трошоци од работење</u>***

Оваа група се однесува на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, услуги за вештачење,
- Услуги од агенции за користење податоци за истражување на програмата и мерење на рејтинг на гледаност,
- Технички услуги, интелектуални услуги,
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција во секторите во кои во текот на работењето ќе се јави недостиг од кадар потребен за извршување на работните задачи,
- Трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Евросонг (Евровизија 2020 и Јуниорски евросонг 2020) и сл.

На вкупен планиран износ оваа група на трошоци се намалува за 8.350.000 денари со што наместо првопланираните средства во износ од 38.700.000 денари сега се планираат 30.350.000 денари.

***<u>Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги</u>***

Оваа група на трошоци опфаќа годишни членарини за ЕБУ и ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации, мало авторско право ЗАМП и останати трошоци од работење. Истата беше планирана во вкупен износ од 24.800.000 денари но, со зголемување на планираниот износ за членарини за 500.000 денари, како и со додавање на нова ставка Надомест за Агенција за филм согласно Законот за филмска дејност, истата, на вкупен износ се зголемува за 5.000.000 денари и сега изнесува вкупно 29.800.000 денари.

***<u>Материјали и услуги за дигитализација</u>***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2020 година планирани се средства во вкупен износ од 300.000 денари.

## Инвестиции

Средствата планирани со Финансиски план за 2020 година за инвестиции во нова опрема и одржување изнесуваа 6.000.000 денари, но со оваа измена на Финансискиот план тие се намалуваат за 3.000.000 денари и сега изнесуваат 3.000.000 денари

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2020 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**
**НА ЈРП МРТ ЗА 2020 ГОДИНА**

| А.ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2019 год. | Финансиски план за 2020 год. | Остварени трошоци во 2020г (септември) | Финансиски план за 2020 год.со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство) | 400,000,000 | 429,000,000 | 268,094,338 | 429,000,000 | 100.0 | 160.0 |
| Регрес за годишен одмор | 9,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 1,700,000 | 1,700,000 | 1,162,212 | 2,500,000 | 147.1 | 215.1 |
| Други лични примања (помош на вработени,останати надоместоци на вработени,испратнина, помош во случај на повреда или смрт на вработен или член на семејството и слично | 800,000 | 1,000,000 | 420,193 | 1,000,000 | 100.0 | 238.0 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 1,100,000 | 0 | 1,100,000 | 100.0 | 0,0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 800,000 | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| Трошоци за едукација | 400,000 | 360,000 | 14,160 | 360,000 | 100.0 | - |
| **Вкупно 1- трошоци за вработените** | **412,700,000** | **433,160,000** | **269,690,903** | **433,960,000** | **100** | **161** |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 1,850,000 | 2,500,000 | 645,013 | 1,000,000 | 40.0 | 155.0 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 4,900,000 | 4,000,000 | 217,409 | 1,000,000 | 25.0 | 460.0 |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во земјата | 100,000 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0,0 |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во странство | 1,900,000 | 1,900,000 | 63,213 | 1,900,000 | 100.0 | - |
| Сопствено возило за службени потреби | 270,000 | 300,000 | 181,730 | 300,000 | 100.0 | 165.1 |
| Услуги за патарина, останати услуги за патувања | 300,000 | 300,000 | 73,080 | 300,000 | 100.0 | 410.5 |
| **Вкупно 2** | **9,320,000** | **9,100,000** | **1,180,445** | **4,600,000** | **51** | **390** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 900,000 | 450,000 | 69,543 | 450,000 | 100.0 | 647.1 |
| **Вкупно 3** | **900,000** | **450,000** | **69,543** | **450,000** | **100** | **647** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **10,220,000** | **9,550,000** | **1,249,988** | **5,050,000** | **53** | **404** |

| А.ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2019 год. | Финансиски план за 2020 год. | Остварени трошоци во 2020г (септември) | Финансиски план за 2020 год.со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **Заеднички трошоци** | | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | | |
| Електричен материјал | 2,000,000 | 1,600,000 | 1,007,174 | 1,600,000 | 100.0 | 158.9 |
| Технички материјал | 1,500,000 | 1,000,000 | 213,442 | 1,000,000 | 100.0 | 468.5 |
| Материјал за кулиси и декор | 1,800,000 | 1,800,000 | 224,595 | 700,000 | 38.9 | 311.7 |
| Материјал за реквизита | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 350,000 | 150,000 | 0 | 150,000 | 100.0 | 0,0 |
| Материјал за поправка и одржување | 1,500,000 | 1,200,000 | 420,758 | 1,200,000 | 100.0 | 285.2 |
| **Вкупно 4** | **7,350,000** | **5,750,000** | **1,865,969** | **4,650,000** | **81** | **249** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,700,000 | 1,500,000 | 665,469 | 1,500,000 | 100.0 | 225.4 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 300,000 | 300,000 | 142,814 | 300,000 | 100.0 | 210.1 |
| Други потрошни материјали | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 350,000 | 450,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 |
| **Вкупно 5** | **2,360,000** | **2,250,000** | **808,283** | **1,800,000** | **80** | **223** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 18,400,000 | 22,500,000 | 8,474,911 | 22,500,000 | 100.0 | 265.5 |
| Трошоци за топлотна енергија | 13,600,000 | 12,000,000 | 5,560,377 | 12,000,000 | 100.0 | 215.8 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 4,000,000 | 3,500,000 | 822,855 | 3,500,000 | 100.0 | 425.3 |
| Останати трошоци за користење енергија | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно 6** | **36,300,000** | **38,000,000** | **14,858,143** | **38,000,000** | **100** | **256** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и автогуми*** | | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 2,250,000 | 1,500,000 | 87,392 | 1,500,000 | 100.0 | 1,716 |
| **Вкупно 7** | **2,250,000** | **1,500,000** | **87,392** | **1,500,000** | **100** | **1,716** |
| ***8)Поштенски и телефонски услуги,интернет,аудио и видео линии*** | | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 700,000 | 700,000 | 216,141 | 700,000 | 100.0 | 323.9 |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 2,300,000 | 2,300,000 | 1,188,400 | 2,300,000 | 100.0 | 193.5 |
| Трошоци за интернет услуги | 700,000 | 700,000 | 115,880 | 700,000 | 100.0 | 604.1 |
| Поштарина | 300,000 | 300,000 | 82,599 | 300,000 | 100.0 | 363.2 |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 12,000,000 | 10,000,000 | 2,636,748 | 10,000,000 | 100.0 | 379.3 |
| **Вкупно 8** | **16,000,000** | **14,000,000** | **4,239,768** | **14,000,000** | **100** | **330** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 4,200,000 | 5,000,000 | 2,695,432 | 5,000,000 | 100.0 | 185.5 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 11,300,000 | 9,360,000 | 1,428,205 | 9,360,000 | 100.0 | 655.4 |

| А.ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2019 год. | Финансиски план за 2020 год. | Остварени трошоци во 2020г (септември) | Финансиски план за 2020 год.со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 10,350,000 | 7,700,000 | 2,115,698 | 7,700,000 | 100.0 | 363.9 |
| Одржување на возила | 3,100,000 | 3,100,000 | 546,886 | 3,100,000 | 100.0 | 566.8 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 150,000 | 150,000 | 53,571 | 150,000 | 100.0 | 280.0 |
| Други услуги за одржување | 20,000 | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 1,000,000 | 1,000,000 | 661,549 | 1,000,000 | 100.0 | 151.2 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,200,000 | 3,700,000 | 1,637,718 | 3,700,000 | 100.0 | 225.9 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од корона вирус | 0 | 2,500,000 | 149,537 | 2,500,000 | 100.0 | 1,671 |
| **Вкупно 9** | **33,320,000** | **32,510,000** | **9,288,596** | **32,510,000** | **100** | **350** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 40,000 | 40,000 | 965 | 40,000 | 100.0 | 4,145 |
| Дератизација и дезинфекција | 300,000 | 350,000 | 137,500 | 350,000 | 100.0 | 254.5 |
| Трошоци за ѓубретарина | 1,200,000 | 1,200,000 | 483,791 | 1,200,000 | 100.0 | 248.0 |
| Трошоци за вода | 3,600,000 | 3,800,000 | 1,530,775 | 3,800,000 | 100.0 | 248.2 |
| **Вкупно 10** | **5,140,000** | **5,390,000** | **2,153,031** | **5,390,000** | **100** | **250** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | | |
| Заверка на пасоши, визи и друго | 150,000 | 150,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 500,000 | 500,000 | 104,480 | 500,000 | 100.0 | 478.6 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и сл. | 400,000 | 400,000 | 101,670 | 400,000 | 100.0 | 393.4 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 200,000 | 200,000 | 8,976 | 200,000 | 100.0 | 2,228 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 800,000 | 800,000 | 0 | 800,000 | 100.0 | 0,0 |
| Останати услуги, занаетчиски и други | 20,000 | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| Трошоци за фотокопирање | 30,000 | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно 11** | **2,100,000** | **2,050,000** | **215,126** | **1,900,000** | **93** | **883** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 68,000,000 | 65,000,000 | 33,377,198 | 66,800,000 | 102.8 | 200.1 |
| **Вкупно 12** | **68,000,000** | **65,000,000** | **33,377,198** | **66,800,000** | **103** | **200** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување на средствата) и траен отпис*** | | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 20,000,000 | 2,000,000 | 0 | 2,000,000 | 100.0 | 0,0 |
| **Вкупно 13** | **20,000,000** | **2,000,000** | **0** | **2,000,000** | **100** | **0,0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 50,000 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0,0 |
| Трошоци за репрезентација | 550,000 | 500,000 | 122,972 | 500,000 | 100.0 | 406.6 |
| **Вкупно 14** | **600,000** | **600,000** | **122,972** | **600,000** | **100** | **488** |

| А.ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2019 год. | Финансиски план за 2020 год. | Остварени трошоци во 2020г (септември) | Финансиски план за 2020 год.со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | | |
| Премии за осигурување | 1,700,000 | 2,000,000 | 669,519 | 1,500,000 | 75.0 | 224.0 |
| **Вкупно 15** | **1,700,000** | **2,000,000** | **669,519** | **1,500,000** | **75** | **224** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | | |
| Такса за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 0 | 10,000 | 100.0 | 0,0 |
| Банкарски услуги | 900,000 | 900,000 | 304,289 | 600,000 | 66.7 | 197.2 |
| **Вкупно 16** | **910,000** | **910,000** | **304,289** | **610,000** | **67** | **200** |
| ***17)Останати трошоци*** | | | | | | |
| Услуги за атестирање,изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и слично | 300,000 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0,0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 50,000 | 250,000 | 68,400 | 250,000 | 100.0 | 365.5 |
| **Вкупно 17** | **350,000** | **350,000** | **68,400** | **350,000** | **100** | **512** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на Надзорен одбор, Програмски совет, Одбор на директори и управители*** | | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 5,500,000 | 5,200,000 | 3,581,759 | 5,200,000 | 100.0 | 145.2 |
| **Вкупно 18** | **5,500,000** | **5,200,000** | **3,581,759** | **5,200,000** | **100** | **145** |
| ***19)Даноци , судски такси и друго*** | | | | | | |
| Даноци | 4,000,000 | 4,000,000 | 2,589,391 | 4,000,000 | 100.0 | 154.5 |
| Судски трошоци и административни такси | 1,000,000 | 500,000 | 218,757 | 500,000 | 100.0 | 228.6 |
| Останати трошоци и услуги од работење | 250,000 | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно 19** | **5,250,000** | **4,500,000** | **2,808,148** | **4,500,000** | **100** | **160** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 600,000 | 600,000 | 221,400 | 600,000 | 100.0 | 271.0 |
| **Вкупно 20** | **600,000** | **600,000** | **221,400** | **600,000** | **100** | **271** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 17,000,000 | 15,000,000 | 17,591,830 | 18,000,000 | 120.0 | 102.3 |
| Вкупно 21 | **17,000,000** | **15,000,000** | **17,591,830** | **18,000,000** | **120** | **102** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 28,000,000 | 19,000,000 | 3,778,606 | 11,000,000 | 57.9 | 291.1 |
| **Вкупно 22** | **28,000,000** | **19,000,000** | **3,778,606** | **11,000,000** | **58** | **291** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 3,500,000 | 3,000,000 | 4,106,877 | 5,000,000 | 166.7 | 121.7 |
| **Вкупно 23** | **3,500,000** | **3,000,000** | **4,106,877** | **5,000,000** | **167** | **122** |
| **24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра** | | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра | 0 | 880,000 | 40,916 | 880,000 | 100.0 | 2,150 |
| **Вкупно 24** | **0** | **880,000** | **40,916** | **880,000** | **100** | **2,151** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **256,230,000** | **220,490,000** | **100,188,222** | **216,790,000** | **98** | **216** |

| А.ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2019 год. | Финансиски план за 2020 год. | Остварени трошоци во 2020г (септември) | Финансиски план за 2020 год.со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***25)Програмски права*** | | | | | | |
| Права за филмови | 15,000,000 | 25,300,000 | 12,600,965 | 20,600,000 | 81.4 | 163.5 |
| Останати програмски права | 28,000,000 | 81,000,000 | 49,882,425 | 95,000,000 | 117.3 | 190.4 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| Надомест за снимање фестивали | 500,000 | 500,000 | 0 | 500,000 | 100.0 | 0,0 |
| Права за спортски настани | 18,000,000 | 49,500,000 | 9,257,491 | 41,150,000 | 83.1 | 444.5 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 8,000,000 | 3,000,000 | 0 | 1,000,000 | 33.3 | 0,0 |
| Копродукциски проекти | 67,500,000 | 102,200,000 | 81,436,160 | 118,000,000 | 115.5 | 144.9 |
| **Вкупно 25 - програмски права** | **139,500,000** | **261,500,000** | **153,177,041** | **276,250,000** | **106** | **180** |
| ***Останати трошоци од работење*** | | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | | |
| Наем на опрема и недвижнини | 600,000 | 1,500,000 | 120,071 | 500,000 | 33.3 | 416.4 |
| **Вкупно 26** | **600,000** | **1,500,000** | **120,071** | **500,000** | **33** | **416** |
| ***27)Други трошоци од работење*** | | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 700,000 | 600,000 | 196,964 | 600,000 | 100.0 | 304.6 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1,000,000 | 1,000,000 | 899,514 | 1,000,000 | 100.0 | 111.2 |
| Услуги за вештачење | 200,000 | 200,000 | 0 | 200,000 | 100.0 | 0.0 |
| Услуги за рејтинг агенции-надомест за користење податоци за истражување | 0 | 4,350,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 1,500,000 | 6,000,000 | 875,160 | 2,500,000 | 41.7 | 285.7 |
| Трошоци за опремување сцена | 2,500,000 | 2,000,000 | 1,016,775 | 2,000,000 | 100.0 | 196.7 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати и сл.) | 4,300,000 | 4,000,000 | 4,061,174 | 5,000,000 | 125.0 | 123.1 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 50,000 | 50,000 | 0 | 50,000 | 100.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 11,000,000 | 11,000,000 | 8,363,025 | 15,500,000 | 140.9 | 185.3 |
| Трошоци за проект Евровизија | 8,000,000 | 8,000,000 | 2,074,964 | 3,000,000 | 37.5 | 144.6 |
| Трошоци за награди од фестивали и други награди | 0 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за судски извршители | 2,700,000 | 500,000 | 0 | 500,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **31,950,000** | **38,700,000** | **17,487,576** | **30,350,000** | **78** | **174** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 10,000,000 | 10,000,000 | 7,602,491 | 10,500,000 | 105.0 | 138.1 |
| Котизации и акредитации | 300,000 | 300,000 | 0 | 300,000 | 100.0 | 0.0 |
| Останати услуги од работење | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 14,000,000 | 14,500,000 | 6,881,310 | 14,500,000 | 100.0 | 210.7 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 0 | 0 | 4,500,000 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **24,500,000** | **24,800,000** | **14,483,801** | **29,800,000** | **120** | **206** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги (архивирање) | 300,000 | 300,000 | 97,480 | 300,000 | 100.0 | 307.8 |
| **Вкупно 29** | **300,000** | **300,000** | **97,480** | **300,000** | **100** | **308** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **57,350,000** | **65,300,000** | **32,188,928** | **60,950,000** | **93** | **189** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **876,000,000** | **990,000,000** | **556,495,082** | **993,000,000** | **100** | **178** |

| А.ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2019 год. | Финансиски план за 2020 год. | Остварени трошоци во 2020г (септември) | Финансиски план за 2020 год.со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| **Набавка на опрема и инвестиции** | 56,500,000 | 6,000,000 | 1,339,657 | 3,000,000 | 50.0 | 223.9 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **56,500,000** | **6,000,000** | **1,339,657** | **3,000,000** | **50** | **224** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **932,500,000** | **996,000,000** | **557,834,739** | **996,000,000** | **100** | **179** |

Скопје, Октомври 2020 година